Јованчо Велески е роден 1960 година во Прилеп, работи во Општа Болница во Кабинетот за медицинска психологија повеќе од 40 години. Дипломирал психологија на Филозофски факултет- Скопје, постдипломски се обучил за криминологија и кривично право на Правен факултет -Скопје, специјализирал на Медицински факултет -Скопје , каде завршил и едногодишна експертска суб специјалистичка настава. Завршил Кратка динамска групна терапија за работа со болести на зависности во Скопје, Белград, Прага и Варшава., Гешталт терапија ,обука за Роршах-ова дијагностика, воено-полициска обука на КОГБ ,обука за развојна и клиничка психологија на УКИМ -Скопје. Бил шеф на Воено -полицискиот сервис, раководител на комисиите за лица со развојни пречки и хронично болни деца, Претседател на дисциплинската комисија и морал и етика на ЈЗУ Општа болница Прилеп, главен терапевт во КЛА МЕЦ - Прилеп , вешто лице во повеќе од 500 предмети на тешки кривични дела, технички советник во повеќе Основни Јавни Обвинителства и Апелација, член е на лекарската комисија на ЏФМ и едукатор за спортска психологија на ЏФМ , надворешен соработник на МОК на ЛОИ во Атина. Еден од иницијаторите за организирање на здружение на психолошката фела во сите фази, вклучително и законот на психолошка дејност, формирањето на Комората на психолози и член на првиот Управен одбор, Добитник на повеќе високи награди и признанија. Објавил 60 трудови и популарни текстови. Лиценциран психолог, лиценциран вештак и лиценциран џудо мајстор 2 Дан.